[illegible]
ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ
Бр. 03 - 1169/1
14.04 2021 год.
КАВАДАРЦИ

# ИЗВЕШТАЈ
# За работењето на ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ
# За период 01.01.2021 - 31.03.2021 година

Ј.П. ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ

Општина Кавадарци

## 1. ВОВЕД

Јавното претпријатие за изградба, одржување и користење на јавни паркинг простори ЈП Паркинг Кавадарци е основано со Одлука на Советот на Општина Кавадарцина 24.04. 2018 и регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија.

Првичната идеја за неговото основање беше на системски начин да се реши проблемот со паркирањето на моторни возила во градот Кавадарци со определување и уредување на паркинг места и паркиралишта и да допридонесе за комуналниот ред во градот Кавадарци. Јавното претпријатие за изградба, одржување и користење на јавни паркинг простори "ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ"- Кавадарци поаѓа од целите и интересите утврдени на ниво на Општина како и на Јавното претпријатие засновани на расположивите средства за работа и достигнатитот степен за развој.

Согласно проектот на 24 Инг Доосл Битола, на почетокот ЈП ПАРКИНГ располагаше со вкупно 1000 паркинг места поделени во три зони и тоа:

- А зона со 4 подзони и вкупно 108 паркинг места,
- Б зона со 13 подзони со вкупно 507 паркинг места и
- Ц зона со 9 подзони и вкупно 385 места.

3% од вкупниот број на места е резервиран за лица со инвалидитет кои се ослободени од плаќање.

Од вкупниот број на паркинг места, предвидено е со Одлуката дека 46% паркинг местата ќе бидат наменети за користење за повластено паркирање од страна на станари на колективни или индивидуални станбени згради кои немаат паркинг места, гаражи или слободен пристап до дворните површини и тоа со повластени годишни дозвола за паркирање. Истовремено, со Одлука на советот на Општина Кавадарци се изврши проширување и организирање на Зонско паркирање во паркинг Зона-Ц и тоа со дополнителни паркинг места на просторите помеѓу зградите кои граничат со Бул Вељко Влаховиќ, Бул Цветан Димов, Бул. Македонија и Бул. Никола Минчев, а исто така се пушти во употреба и новиот Паркинг-Анот, со што се зголемија капацитетите за паркирање во Зона-Ц и во Зона-Б, што ќе допринесе за решавање на проблемот со паркинг места за станарите од овој дел на градот, како и проблемот со паркирање на комбињата и другите возила на пазарџиите во пазарните денови.

На 30.06.2020 и на 31.12.2020 направени се пописи на сите паркинг места по Зони и Подзони, со цел да се евидентираат сите паркинг места и да имаме точна состојба со капацитетите на ЈП Паркинг, после извршените проширувања.

На почетокот на Септември со Одлука на советот се изврши и преквалификување на постојните Зона Б-5, Б-6 и Б-7 во Зона А-5, А-6 и А-7, при што се дојде до следниот број на места со кои располага ЈП Паркинг и тоа: Во Зона-А имаше вкупно 219 паркинг места, во Зона-Б вкупно 376 паркинг места и во Зона-Ц има 868 паркинг места, или се вкупно ЈП Паркинг располагаше со 1463 паркинг места.

После последното проширување на Зоните кое се изврши минатиот месец, дополнително, Зона-Ц се зголеми за нови 30 паркинг места, и се воведе нова Подзона А-8 со 7 паркинг места.

Со тоа вкупниот број на паркинг места на 31.12.2020 год., со кои стопанисува ЈП Паркинг, сега е следниот:

**Во Зона-А со вкупно 226, Зона-Б со вкупно 376 и Зона-Ц вкупно 898 места, или Вкупно 1.500 места.**

Исто така ЈП Паркинг Кавадарци стопанисува и со простор во Депото на Северен Булевар, каде што е организирано издавање под закуп на гаражни места за земјоделска и приклучна механизација и моторни возила. И овде се направи попис на вкупниот број на места за издавање, издадено и слободни места. Со пописот се установи дека на располагање има вкупно 217 места, од кои на 31.03.202 има издадено 177 гаражни места и слободни за издавање уште 40 места.

ЈП Паркинг Кавадарци, со обавување на својата основна дејност- организирање на Зонско паркирање, официјално започна со работа на 5-ти Февруари-2020 год. така што и споредбените податоци по месеци за првиот квартал од 2021 и првиот квартал од 2020 година не се во целост компатибилни и спредливи.

**<u>ПРИХОДИТЕ што ЈП Паркинг ги остварува, се преку следното портфолио на услуги:</u>**

1. ***<u>ПАРКИРАЊЕ со испраќање на СМС пораки преку мобилните Оператори</u>***

Во овој период, од 01.01.2021 до 31.03.2021 год., по месеци, како и за истиот период во 2020 година, реализирани се следните резултати во делот на СМС паркинг сесии по зони:

**РЕАЛИЗИРАНИ СМС Пораки или ПАРКИНГ-СЕСИИ 01.01-31.03.2021 И 01.01-31.03.2020**

| | | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| ЈАНУАРИ | **ВКУПНО** | **27008** | 0 |
| | ЗОНА- А | 10447 | 0 |
| | ЗОНА – Б | 9372 | 0 |
| | ЗОНА – Ц | 7189 | 0 |
| ФЕВРУАРИ | **ВКУПНО** | **26391** | **30248** |
| | ЗОНА- А | 10598 | 6083 |
| | ЗОНА – Б | 8244 | 18143 |
| | ЗОНА – Ц | 7549 | 6022 |
| МАРТ | **ВКУПНО** | **29769** | **21438** |
| | ЗОНА- А | 11946 | 4447 |
| | ЗОНА – Б | 9242 | 12579 |
| | ЗОНА – Ц | 8581 | 4412 |
| **ВКУПНО СМС** | | **83.168** | **51.686** |

После последната промена на Зоните Б-5, Б-6 и Б-7, во А-5, А-6 и А-7, се промени и соодносот на СМС пораките во структурата. Се зголеми учеството на СМС пораките во Зона-А, за сметка на Зона-Б, а зона Ц останува иста како и претходно.

Сега учеството на СМС пораките во Зона-А е од 40-45% во вкупниот број, Зона-Б учествува со 30-35% и Зона-Ц со 20-25%.

Ваквата промена на Зоните ќе донесе позитивен финансиски ефект од cca. 1.000-1.500 Евра месечно или на годишно ниво ќе носи допилнителен финансиски инпут во износ од цца. 10.000 до 15.000 Евра.

## 2. ПАРКИРАЊЕ со купување на Паркинг билет-Грепка

Освен со испраќање на СМС пораки за Зонско паркирање, ЈП Паркинг овозможи и паркирање со купување на паркинг Билет-грепка, на повеќе места во градот во сите Зони за паркирање, преку овластени дистрибутери-Тобаќа, при што реализирани-запазени се по месеци:

**РЕАЛИЗИРАНИ ПАРКИНГ БИЛЕТИ-ГРЕПКИ 01.01-31.03.2021 И 01.01-31.03.2020**

| | | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| ЈАНУАРИ | **ВКУПНО** | **2237** | 0 |
| | ЗОНА- А | 1249 | 0 |
| | ЗОНА – Б | 913 | 0 |
| | ЗОНА – Ц | 75 | 0 |
| ФЕВРУАРИ | **ВКУПНО** | **2101** | **8814** |
| | ЗОНА- А | 1162 | 2852 |
| | ЗОНА – Б | 840 | 4202 |
| | ЗОНА – Ц | 99 | 1760 |
| МАРТ | **ВКУПНО** | **2312** | **6230** |
| | ЗОНА- А | 1202 | 1450 |
| | ЗОНА – Б | 973 | 3480 |
| | ЗОНА – Ц | 137 | 1300 |
| **ВКУПНО БИЛЕТИ** | | **6.650** | **15.044** |

Со анализа на подолу дадената табел за Искористеноста на паркинг местата по месеци, за бројот на реализираните СМС паркинг-часови на просечно дневно ниво и на месечно, процентуланата искористеност по Месеци, Зони и подзони, како и просечното дневно време за паркирање по 1 паркинг место, може да се види дека со делумното стабилизирање на состојбата после укинувањето на рестриктивните мерки, дневниот број на СМС паркинг-часови се движи во просек помеѓу 1200 и 1300 СМС паркирања. Ова првично покажува дека капацитетот на Кавадарци во делот на користењето на СМС паркирањето е отприлика овој број, кој е на приближно исто ниво во последните 12 месеци, со исклучок на Делември. Искористеноста на паркинг-местата со комерцијално паркирање со СМС пораки изнесува околу 8% -сметано на вкупниот број од 1.500 места, или ако се земат во предвид големиот број на Повластени станарски карти, пресметката направена со реално помалку од 500 паркинг места за комерцијалната искористеност- Процентот на СМС искористеноста би била – 25%. Дневното просечно време на паркирање на 1 паркинг место, сметано на вкупните паркинг места е 1 час на 1 место/дневно или реална СМС искористеност на шца 500 места би била 3 часа паркинг на ден.

За очекување би било дека доколку се воведе надоградба на софтверот со можност за ГПС следење и тракинг на записи за контролирани и запазени возила од страна на контролорите, по време и Подзона, како и со соодветна стимулација на поединечни резултати на контролорите, ќе се дојде до поголема ажурност и ефикасност кај дел од контролорите, и би се постигнал можен и посакуван таргет од 1.500 СМС паркирања. Но истовремено, натамошниот тренд во голема мерка ќе зависи и од евентуални повторни влошувања на ситуацијата и воведување на рестриктивни мерки.

## 3. ПАРКИРАЊЕ со издавање на Годишни РЕЗЕРВИРАНИ паркинг места

| РЕЗЕРВИРАНИ годишни паркинг места- Склучени Доовори од 01.01-31.03.2021 |
|---|

| на ПРАВНИ лица | ВКУПНО | 6 | |
|---|---|---|---|
| | ЗОНА- А | 4 | 45.000 ден./Годишно |
| | ЗОНА - Б | 2 | 30.000 ден./Годишно |
| | ЗОНА - Ц | 0 | 20.000 ден./Годишно |

## 4. ПАРКИРАЊЕ со МЕСЕЧНИ паркинг карти (со Годишен договор) + без договор

МЕСЕЧНИ ПАРКИНГ КАРТИ - за Физички и Правни лица – од 1.000 ден/годишен договор + обични месечни

| КОРИСНИЦИ (31.03) | ВКУПНО | 150 | 134 + 16 |
|---|---|---|---|
| | ЗОНА- А,Б,Ц | 139 | 134 + 5 |
| | ЗОНА – Б,Ц | 3 | 3 |
| | ЗОНА – Ц | 8 | 8 |

## 5. ПАРКИРАЊЕ со КАРТИ ЗА ВРАБОТЕНИ

| ПОВЛАСТЕНИ за ВРАБОТЕНИ –со Месечни Договори - 450 ден. | | Просечно | Јануа. | Февр. | Март |
|---|---|---|---|---|---|
| КОРИСНИЦИ- Просек/Мес. | ВКУПНО | 128 | 149 | 122 | 113 |
| Договори - месечно | ЗОНА- А | 8 | 8 | 8 | 8 |
| Договори - месечно | ЗОНА - Б | 107 | 127 | 101 | 92 |
| Договори - месечно | ЗОНА - Ц | 13 | 14 | 13 | 13 |

## 6. ПАРКИРАЊЕ со ГОСТИНСКА / ВИКЕНД и ДНЕВНА КАРТА

| ИСКОРИСТЕНИ ВИКЕНД / Дневни / Гостински | Вкуп. од 1-3 м. | 5 |
|---|---|---|

## 7. ПАРКИРАЊЕ со СТАНАРСКИ ПОВЛАСТЕНИ КАРТИ- Вкупно 1.240

**Во периодот од 01.01 до 31.03.2021 склучени/продолжени се 842 Договори - (останатите се уште важечки)**

| КОРИСНИЦИ (31.03) | ВКУПНО | 842 | |
|---|---|---|---|
| | ЗОНА- А | 205 | |
| | ЗОНА – Б | 160 | |
| | ЗОНА – Ц | 477 | |

## 8. *ИЗДАВАЊЕ НА ГАРАЖНИ МЕСТА во - ДЕПО*

| ИЗДАДЕНИ ГАРАЖНИ МЕСТА ВО ДЕПО - Северен Булевар 2021/2020 | | |
|---|---|---|
| **ВКУПЕН КАПАЦИТЕТ** | **192 места- 2021** | **217 места – во 2020** |
| ИЗДАДЕНИ гаражи | 185 | 177 |
| СЛОБОДНИ места | 7 | 40 |

## 9. *БЛОКИРАЊЕ НА ВОЗИЛА- НЕПРОПИСНО ПАРКИРАНИ*

**БЛОКИРАНИ ВОЗИЛА - НЕПРОПИСНО ПАРКИРАНИ**

| | | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| БЛОКИРАНИ | **ВКУПНО** | **384** | **201** |
| Просек 3,7/ 0 | Јануари | 77 | 0 |
| Просек 4,4/3,9 | Февруари | 105 | 97 |
| Просек 7,5/4,2 | Март | 202 | 104 |

**6,4 -Просечно дневно блокирани возила-во текот на 2021**
**5,0 -Просечно дневно блокирани возила-во текот на 2020**

## 10. *ИНТЕРВЕНИРАЊЕ СО ВОЗИЛО НА ПАЈАК-СЛУЖБА*

**ПАЈАК-СЛУЖБА - ОДНЕСЕНИ во ДЕПО / НА ЛИЦЕ МЕСТО**

| МЕСЕЦ | Пренесени на Депо | На лице место | Вкупно интервенции | % по месец |
|---|---|---|---|---|
| Јануари / 2021 | 25 | 5 | 30 | 30% |
| Февруари / 2021 | 34 | 6 | 40 | 40% |
| Март / 2021 | 26 | 6 | 32 | 30% |
| **Вкупно 1-3/2021** | **85** | **17** | **102** | **100%** |
| | | | | |
| Јануари / 2020 | 14 | 14 | 28 | 24% |
| Февруари / 2020 | 28 | 16 | 44 | 47% |
| Март / 2020 | 17 | 9 | 26 | 29% |
| **Вкупно 1-3/2020** | **59** | **39** | **98** | **100%** |

**1,5 - Просечно дневно – интервенции во текот на 2021**
**1,4 - Просечно дневно - интервенции во текот на 2020**

**На инвалидизирани лица издадени се вкупно 29 повластени паркинг карти-бесплатни, за хибридни / електрични возила издадени се 9 повластени-бесплатни карти. На овластени дистрибутери на стока по мислење и налог на Комунален и сообраќаен инспектор издадени се 9 дозволи за паркирање во период од 2 часа наутро и попладне за дотур на стока.**

Во делот на резултатите кои во наредниот период треба да се очекуваат од интервенциите на Пајак-службата, треба да се напомене дека потешко ќе може со голема сигурност да се планираат и таргетираат бидејќи во голема мера зависи од други фактори, како што се дисциплинираноста на возачите, ограничувањата за движење како и од ажурноста и асистенцијата на полицијата и комуналната инспекција. За очекување е да во следниот период додека важат овие ограничувачки фактори, послаба ќе биде и ангажираноста и асистенцијата на полицијата во нашето работење, заради дополнителните ангажирања кои ќе ги имаат во делот на справувањето со кризата.

## 2. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ПЕРИОДОТ Јануари-Март /2021-

Во периодот Јануари-Март во деловната 2021 година, ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ, Кавадарци оствари позитивен финасиски резултат – Бруто добивка во износ од **39.571** денари.
Приходите заклучно со 31.03.2021 година изнесуваат **5.081.301** денари.
Расходите заклучно со 31.03.2021 година се во износ **5.041.730** денари.

Составен дел на извештајот е Билансот на успех и Билансот на состојба.

## 2. БИЛАНС НА УСПЕХ 01.01 - 31.03.2021 - (Извештај за добивка-загуба)

**БИЛАНС НА УСПЕХ за период 01.01-31.03.2021**

| ПРИХОДИ - ВКУПНО Јануари-Март 2021 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Назив на приход | 01.01- 31.03.2021 | Структ. | 01.01-31.03.2020 | Структ. |
| Приход од гаражни места-Депо | 109.945 | 2,2% | 103.119 | 3,8% |
| Приходи од Пајак и Блокатори | 439.493 | 8,6% | 280.686 | 10,3% |
| Приходи од СМС од Оператори | 1.530.153 | 30,1% | 770.820 | 28,4% |
| Птиходи од годишни Резевирани места | 115.385 | 2,3% | 397.708 | 14,7% |
| Приходи од Станари-повластени карти | 662.458 | 13,0% | 738.002 | 27,2% |
| Приходи од месечни карти | 640.281 | 12,6% | 166.152 | 6,1% |
| Приходи од Вработени | 134.483 | 2,6% | | 0,0% |
| Приходи од Билет-грепки- од Дистрибутери | 293.846 | 5,8% | 258.140 | 9,5% |
| Останати приходи | 769 | 0,0% | 20 | 0,0% |
| Приходи од Донација-Општина | 500.000 | 9,8% | | 0,0% |
| Приходи од Државна финансиска подршка | 594.500 | 11,7% | | 0,0% |
| Приход од ПВР-од амортизација на Пајак | 59.988 | 1,2% | | 0,0% |
| Вкупно приходи | 5.081.301 | 100,0% | 2.714.647 | 100,0% |

| РАСХОДИ - ВКУПНО Јануари-Март 2021 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Назив на расход | Вкупно до 31.03.2021 | Структ. | Вкупно до 31.03.2020 | Структ. |
| **МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ ЗА ТЕКОВНО РАБОТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ** | **173.392** | **3,4%** | **902.989** | **20,6%** |
| Трошоци за материјали | 25.779 | 0,5% | 90.957 | 2,0% |
| Трошоци за ел.енергија, вода-Управа | 52.020 | 1,0% | 9.100 | 0,2% |
| Трошоци за вода -Депо | 21.897 | 0,4% | 20.052 | 0,4% |
| Трошоци за одржување | 17.626 | 0,3% | 20.467 | 0,5% |
| Гориво-Пајак | 27.471 | 0,5% | 33.450 | 0,0% |
| Гориво-Блокатори Пикап | 24.878 | 0,5% | 16.330 | 0,0% |
| Трошоци за СИ и ХТЗ | 3.721 | 0,1% | 712.633 | 16,3% |
| | | | | |
| **УСЛУГИ со карактер на материјални трошоци** | **233.344** | **4,6%** | **493.466** | **11,3%** |
| ПТТ,Интернет,Телефони | 102.042 | 2,0% | 97.938 | 2,2% |
| Услуги за одржување и рез.дел. | 93.539 | 1,9% | 182.204 | 4,2% |
| Регистрации,осигурување, дог.дело | 34.003 | 0,7% | 213.324 | 4,9% |
| Патни и дневни трошоци, репрезентации, | 3.760 | 0,1% | | 0,0% |
| **ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕТО** | **377.813** | **7,5%** | **261.092** | **6,0%** |
| Надоместоци за членови на УО и НО | 192.000 | 3,8% | 128.909 | 2,9% |
| Банкарски трошоци, провизии на Оператори | 80.807 | 1,6% | 61.683 | 1,4% |
| Даноци, такси, персон.данок,членар.,кирии | 87.983 | 1,7% | 70.500 | 1,6% |
| Останати расходи на работењето | 17.022 | 0,3% | | 0,0% |
| **ПЛАТИ И НАДИМЕСТОЦИ** | **3.920.533** | **77,8%** | **2.526.650** | **57,6%** |
| Нето плати | 2.640.158 | 52,4% | 1.699.180 | 38,8% |
| Персонален данок на плати | 182.633 | 3,6% | 120.008 | 2,7% |
| Придонеси на плати | 1.097.742 | 21,8% | 707.462 | 16,1% |
| **АМОРТИЗАЦИЈА** | **261.283** | **5,2%** | **145.651** | **3,3%** |
| Амортизација на опрема во администарција | 138.191 | 2,7% | 108.000 | 2,5% |
| Амортизација на опрема-за директна дејност | 123.092 | 2,4% | 37.651 | 0,9% |
| **РАСХОДИ ЗА КАМАТА ПО КРЕДИТИ** | **75.365** | **1,5%** | **53.334** | **1,2%** |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **5.041.730** | **100,0%** | **4.383.182** | **100,0%** |

| | | |
|---|---|---|
| **Д О Б И В К А / ЗАГУБА** | 39.571 | -1.668.535 |

**ПРИХОДИ – Објаснување и очекувања**

Износот на вкупните приходи е како што се гледа 78% од основната дејност, 12% Државна финансиска подршка и 10% од дотации и субвенции од Основачот-Општина Кавадарци.

Од структурата на приходите се гледа дека во овој период 30% од приходите се остварени од основните услуги кои треба да бидат доминантни во структурата, т.е. од СМС паркирање и 6% од паркирање со Билет-грепки. Приходите од Пајак и Блокатори учествуваат со 9% во структурата на приходите.

Остатокот отпаѓа на Приходи од Станари со 13%, Приходите од резервирани паркинг места со 2%, Приходите од Месечни карти и Вработени со 15% , Приходите од закуп на гаражи со 2% учество во вкупните приходи и Останати приходи. Во наредниот период ќе се појави и ставка на дополнителен приход од цца. 3.800.000 како Приходи од обележување како друга дополнителна дејност.

За очекување е дека во следниот период Приходите од СМС пораки и Билет-грепки, ке растат и номинално и процентуално во структурата на приходите и треба да достигнат процентуално учество во приходите од 50%. Приходите од Пајак и Блокатори треба да пораснат и номинално и процентуално и ке учествуваат со 15%, Приходите од Станари со повластени карти би стагнирале, бидејки се на годишно ниво и ке учествуваат со процентуално учество од околу 7-8%, Приходите од Резервирани места ке стагнираат и како годишни приходи ќе учествуваат со цирка 2-3% во вкупните приходи, Приходите од Месечни карти линеарно ке се кумулираат на месечно ниво со процентално учество од околу 8-10%, а Приходите од гаражи во Депо се сосема лимитирани заради ниската цена и ограничен капацитет и ке останат на исто номинално ниво а со процентуално учество од цирка 3% во вкупните приходи.. Остатокот од потребните и проектираните приходи во износ од цца 20% би биле -Други приходи, од субвенции и дотации.

**Р А С Х О Д И – ОБЈАСНУВАЊА**

**МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ ЗА ТЕКОВНА РАБОТА – 3,4%**

Во оваа група трошоци- трошоци за суровини и материјали спаѓаат следните трошоци: потрошни-помошни материјали и средства за чистење, канцелариски материјали, електрична енергија, вода и гориво, инвентар, автогуми и ХТЗ опрема.

Процентуално и номинално овие трошоци ке пораснат во структурата на вкупните расходи на ниво од 10% бидејќи ќе има набавки на материјали за бележење- боја, како трошок за новата дополнителна дејност-Бележење на улици и паркинзи.

**ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ – 4,6%**

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошокот за ПТТ услуги, телефонски електронски комуникации, понатаму трошоците за тековно одржување на материјалните и нематеријалните основни средства и ситен инвентар, бележење, закуп, комунални услуги, трошоците за обезбедување, администирање на системот за зонско паркирање како и трошокот за времените вработувања.

**ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕТО – 7,5%**

Во оваа група влегуваат трошоците за надоместоци на членови на УО и НО, провизии за Оператори, осигурување, банкарски трошоци, дневници, патни трошоци, такси и др.

**ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА – 77,8%**

Трошокот за плати, данок и придонеси на плати за вработените е со најголемо процентуално учество во вкупните расходи, и е значително поголем во структурата на расходите споредено со други сродни компании. Во следниот период овие трошоци линеарно ке растат но процентуалното учество ќе опаднеи ке биде помеѓу 70% од вкупните расходи, бидејќи ќе има позначителни набавки на материјали за фарбање и бележење, но сепак тоа би било околу 10-15% повеќе во структурата на трошоците во споредба со вообичаените трошоци за плати кај другите сродни ЈП Паркинзи.

**АМОРТИЗАЦИЈА – 5,2%**

Трошокот за амортизација се пресметува согласно Номенклатурата за стапки на амортизација по линеарен принцип, на набавната вредност на основните средства, и зависно од новите набавки и инвестиции, ке учествува со 4-5% во вкупните расходи.

**ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ – 1,5%**

Во рамките на финансиски расходи е трошокот за камата која месечно се плаќа на долгорочниот кредит од ЦКБ, и истиот процентуално до крајот на годината ке учествува во вкупните расходи со околу 2%.

## 3. БИЛАНС НА СОСТОЈБА на 31.03.2021 -(Извештај за финансиска состојба)

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.03.2021 / 31.03.2020**

| АКТИВА | 31.03.2021 | Структ. | 31.03.2020 | Структ. |
|---|---|---|---|---|
| **Постојани деловни средства (Основни сред.)** | **3.471.824** | **47%** | **4.617.208** | **50%** |
| Нематеријални сресства -Софтвер | 1.597.760 | 22% | 1.592.000 | 17% |
| Постројки и опрема | 42.202 | 1% | 719.000 | 8% |
| Транспортни средства | 2.162.777 | 29% | 2.109.649 | 23% |
| Погонски и канцелариски мебел | 783.248 | 11% | 170.000 | 2% |
| Вложување во недвижност, реновирање | 334.700 | 5% | 334.700 | 4% |
| Амортизирана вредност | -1.448.863 | -20% | -308.141 | -3% |
| **Залихи** | **138.573** | **2%** | **0** | |
| Суровини и материјали на залиха | 86.400 | 1% | 0 | |
| СИ на залиха | 52.173 | 1% | 0 | |
| **ТЕКОВНИ (Обртни средства)** | **3.766.157** | **51%** | **4.616.679** | **50%** |
| Парични средства на сметка | 944.509 | 13% | 3.091.528 | 33% |
| Побарувања - купувачи (од основна дејност) | 1.219.571 | 17% | 463.938 | 5% |
| Останати побарувања од вработени | 9.269 | | | |
| Останати побарувања од државни институции | 1.500.000 | 20% | | |
| Побарувања за ДДВ | 0 | 0% | 556.427 | 6% |
| Пресметани а нефактурирани приходи | 92.808 | 1% | 504.786 | 5% |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **7.376.554** | **100%** | **9.233.887** | **100%** |

| ПАСИВА | 31.03.2021 | Структ. | 31.03.2020 | Структ. |
|---|---|---|---|---|
| **А-Главнина и резерви** | **-6.040.107** | **-82%** | **-2.007.597** | **-22%** |
| Основна главнина | 307.471 | 4% | 307.471 | 3% |
| Пренесена загуба од минати години | -6.387.149 | -87% | -646.533 | -7% |
| Добивка во тековен период | 39.571 | 1% | -1.668.535 | -18% |
| **Б-ОБВРСКИ - Долгорочни** | **7.225.025** | **98%** | **8.000.000** | **87%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Долгорочни кредит - ЦКБ Банка | 7.225.025 | 98% | 8.000.000 | 87% |
| **Ц-ОБВРСКИ - Краткорочни** | **4.010.198** | **54%** | **2.284.919** | **25%** |
| Добавувачи | 650.740 | 9% | 480.974 | 5% |
| Обврски кон вработените-нето плата | 819.061 | 11% | 820.442 | 9% |
| Обврски за даноци и придонеси од плата | 415.655 | 6% | 400.702 | 4% |
| Обврски за ДДВ од излезни фактури | 593.709 | 8% | 367.348 | 4% |
| Останати обврски кон вработените | 128.000 | 2% | | 0% |
| Обврски за Персонален данок и обврски за закуп | 19.688 | 0% | | 0% |
| Обврски за комун.такса | 1.383.345 | 19% | 215.453 | 2% |
| **Д-ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА** | **2.181.438** | **30%** | **956.565** | **10%** |
| Одложени приходи за идни периоди | 2.181.438 | 30% | 956.565 | 10% |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **7.376.554** | **100%** | **9.233.887** | **100%** |

**А К Т И В А**

**а) ПОСТОЈАНИ ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА ( Основни средства)**

ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ, Кавадарци заклучно 31.03.2021 година има евидентирано Постојани деловни средства и тоа најголема ставка-Софтвер за зонско паркирање и софтвер и за финансиско работење, транспортни сресва за обавување на дејноста и канцелариска опрема, мебел и информатичка опрема за обавување на дејноста. Основните средства во сруктурата на Вкупната актива учествуваат со 47%..

**б) ТЕКОВНИ (ОБРТНИ СРЕДСТВА)**

ПАРИЧНИ СРЕДСТВА - на трансакциската сметка со кои располага претпријатието во ЦКБ Банка, преку која се врши тековното работење со наплата и исплата на побарувањата и обврските.

ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИТЕ – Кои се на ниско ниво бидејки сите побарувања се наплатуваат авансно или во рок од неколку дена, освен од Операторите кај кои имаме рокови на наплата во периоди од 30 до 45 дена.

АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА- Евидентирани се пресметаните а нефактурирани приходи од Операторите, кои заради процедурите на Операторите не можеле да се фактурираа на крајот на периодот, но со новиот договор со А1 операторот постепено се пеглаат и фактурираат услугите кои според досегашната нивна методологија не можеа да се фактурираат во тековните месеци.

Вкупните тековни обртни средства исто така учествуваат со 51% во вкупната Актива.

**П А С И В А**

**а) ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ**

Главнината на претпријатието моментално има негативна вредност, бидејки основната главнина при основањето на претпријатието е помала од износот на искажаните загуби кои се евидентирани од минатата година и како вкалкулирана загуба во тековнота година.

**б) ОБВРСКИ - ДОЛГОРОЧНИ**

Претпријтијето има догорочни обврски, по основ на земен долгорочен кредит во износ од 8.000.000 денари од ЦКБ Банка, за отпочнување со работа и почетно инвестирање во потребните ресурси за обавување на дејноста. Истиот беше со грејс период до Ноември-2020, од кога се започна со отплатата на кредитот, со сегашна состојба од 7.225.025 денари.

**б) ОБВРСКИ - КРАТКОРОЧНИ**

ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ, - од тековно работење кои немаат рок на каснење, т.е. сите обврски кон добавувачите навреме се исплаќаат.

ОБВРСКИ КОН ВРАБОТЕНИТЕ- нето плата и придонеси за тековниот месец.

ОБВРСКИ ЗА КОМУНАЛНА ТАКСА, -.дел од приходите, за кои по Одлука на совет на општината се пресметува комунална такса од 12% на износот на нето-услугата без ДДВ. Комуналната такса се пресметува веднаш при фактурирањето или при извршувањето на услугата, и истата веднаш и директно се книжи и евидентира како Обврска за комунална такса на сметката од групата 23, без претходно евидентирање како приход па сторнирање на приход и книжење на трошок.

**д) ПАСИВНИ ВРЕМНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА- ОДЛОЖЕНИ ПРИХОДИ**

На оваа сметка и билансна позиција се евидентирани Одложени приходи за идни периоди кои се однесуваат на примена Донација од Општината во вид на Специјално возило-Пајак и 4 фискални каси во 2019 год., а остатокот е евидентиеран како ПВР-Одложени приходи, во делот на Месечните карти кои се платени во дел и за 2021 год. и како приход ќе се прекниижи во моментот кога услугата ќе се изврши т.е. во 2021 год. Ова е согласно МСС 21 и 22, т.е. не се евидентирани како приход од субвенции во периодот, туку сразмерно на ефектуираните трошоци за амортизација на донираната опрема во пресметковниот период, односно во периодот во кој ќе се изврши услугата.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Првото тромесечие од 2021 годината се покажа минимален позитивен финансиски резултат, но сепак мора да се напомене дека на овој резултат влијание имаше еднократната државна финансиска подршка што ја добивме на почетокот на годината во износ од 594.500 денари или 12% од приходите, како и донацијата од ЛС Општина Кавадарци во износ од 500.000 денари или учество од цца 10% во приходите, а што како такво е буџетирано и влезено во програмата за работење во 2021 година.

За очекување е дека во делот на финасискиот резултат во следното тромесечие ќе има подобрување заради дополнителните приходи кои ќе се остварат од фарбање и бележење на улиците и паркиралиштата, но во исто време, со мерките кои се превземаат заради Ковид кризата со ограничувањата на движење и работење, ќе ги влошат финансиските резултати во делот на СМС паркирањето, а кои во месец Април разултираа со 50% помалку СМС пораки.

Тенденција е дека овие мерки ќе продолжуваат во различен обем и во следниот период, што негативно ќе се одрази на финансискиот резултат.

Очекуваме добрата соработка со нашиот основач Општина Кавадарци да продолжи и следниот период и да се превземаат и дополнителни мерки и активности за дополнително остварување на приходи со кои ќе се надминат горе споменатите потешкотии како би можело претпријатието да се самофинансира и да остварува позитивни резултати во работењето.

ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ
в.д. Директор Јордан Настов

ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија(Сл.весник на РМ бр.38/96...64/2018), член 34 од Статутот на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци(Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.15/2018г.) Управниот Одбор на седница одржана на ден 18.05.2021 година , ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ за период од 01.01.2021-31.03.2021 година.**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ за период од 01.01.2021-31.03.2021 година со број 1169/1 од 14.04.2021 година.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето на согласност од Советот на Општина Кавадарци.

**Бр.02-1307/3**
**18.05.2021 година**
**Кавадарци**

**Управен Одбор**
**на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**
**Претседател**
**Зоран Бањански**

ПАРКИНГ
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за Локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.5/02), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Сл.Весник на РМ„ бр.38/96....35/19), член 82 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05...64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 56-та седница одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за работењето на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ „ Кавадарци за период од 01.01.-31.03.2021 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Извештај со арх.бр.02-1307/3 за работењето на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за период од 01.01.-31.03.2021 година, донесен на седница на Управен Одбор на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци одржана на ден 18.05.2021 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

Бр.08-3077/26
27.05.2021 година
**К А В А Д А Р Ц И**

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Претседател,
[Ристо] Сакалиев